2020

МРТ

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.10 - 31.12.2020 Г

IV Квартал

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ..................................................................................................... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01. 10 - 31.12. 2020 година ..................................................................................................... 3

ПРИХОДИ ..................................................................................................... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2020 ГОДИНА ..................................................................................................... 5

ТРОШОЦИ ..................................................................................................... 6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2020 ГОДИНА ..................................................................................................... 6
Трошоци за вработените ..................................................................................................... 6
Патни и транспортни трошоци ..................................................................................................... 7
Заеднички трошоци ..................................................................................................... 8
Програмски права ..................................................................................................... 9
Останати трошоци од работење ..................................................................................................... 10
Инвестиции ..................................................................................................... 11

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2020 ГОДИНА ..................................................................................................... 11

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2020г. ..................................................................................................... 15

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО ..................................................................................................... 16

Побарувања од купувачите во земјата ..................................................................................................... 17
Побарувања од купувачите во странство ..................................................................................................... 17

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ..................................................................................................... 18

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ..................................................................................................... 19

# ВОВЕД

Македонската Радио Телевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали, подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји. Од месец април 2020 година програмата на Македонската радио телевизија е збогатена со отворањето на новите програмски сервиси и тоа Вториот ТВ програмски сервис кој започна со емитување на програма на албански јазик со 24 часовно дневно времетраење, а се отворија и три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 кој емитува забавно - музичка, културна и спортска програма, МТВ 4 – документарна програма и програма на етничките заедници и МТВ 5 наменет за детска програма. Исто така, во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на помалите етнички заедници во РСМ.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2020 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 287.346.384 денари и расходи во износ од 305.260.644 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10 до 12 м. 2020 година**

| ОПИС | Остварување 01.10-31.12.2019г. | | Финансиски план 2020г. | | Остварување 01.10-31.12.2020г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **240,162,984** | **100.0** | **1,086,000,000** | **100.0** | **287,346,384** | **100.0** | **119.6** | **26.5** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **974,627,511** | **405.8** | **993,000,000** | **91.4** | **305,260,644** | **106.2** | **31.3** | **30.7** |
| Трошоци за вработени | 114,141,221 | 47.5 | 443,760,000 | 40.9 | 130,001,999 | 45.2 | 113.9 | 29.3 |
| Патни и транспортни трошоци | 3,858,290 | 1.6 | 5,050,000 | 0.5 | 689,465 | 0.2 | 17.9 | 13.7 |
| Заеднички трошоци | 766,152,677 | 319.0 | 216,790,000 | 20.0 | 83,097,509 | 28.9 | 10.8 | 38.3 |
| Програмски права | 76,091,128 | 31.7 | 266,450,000 | 24.5 | 77,740,002 | 27.1 | 102.2 | 29.2 |
| Останати трошоци од работење | 14,384,195 | 6.0 | 60,950,000 | 5.6 | 13,731,669 | 4.8 | 95.5 | 22.5 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-734,464,527** | | | | **-17,914,260** | | | |
| | | | | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | | | |
| Набавка на опрема | 46,147,630 | | 3,000,000 | | 539,136 | | 1.2 | 18.0 |
| **Вкупно** | **46,147,630** | | **3,000,000** | | **539,136** | | 1.2 | 18.0 |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ И ИНВЕСТИЦИИ** | **1,020,775,141** | | **996,000,000** | | **305,799,780** | | **30.0** | **30.7** |

Во врска со остварениот финансиски резултат значајно е да се нагласи дека тој произлегува од пониско остварените приходи за финансирање на радиодифузна дејност во последниот месец од 2020 година. Имено, како резултат на преземените мерки од страна на државата за намалување на вкупните трошоци на државно ниво а како последица на состојбата предизвикана од корона вирусот Covid-19, со ребалансот во Буџетот на РСМ, споменатиот износ на финансирање на МРТ беше намален за 37.250.000 денари и наместо очекуваните 223.500.000 денари, во последниот квартал од годината беа остварени 186.250.000 денари, што секако освен на финансискиот резултат, негативно се одрази и на севкупното работење на институцијата и создаде потешкотии во сервисирање на старите но и на тековните обврски по основ склучени договори со домашни и странски добавувачи по разни основи. Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2020 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи во рамки на сите групи на трошоци.

## ПРИХОДИ

Во периодот октомври - декември 2020 година по сите основи реализирани се приходи во вкупен износ од 287.346.384 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 186.250.000 денари или 64,8% од вкупно реализираниот приход во 2020 година. Остварувањето на приходот по овој основ е намалено во однос на претходните квартали за 37.250.000 денари како резултат на мерките кои беа преземени од страна на државата со ребалансот во Буџетот на РСМ во насока на намалување на вкупните трошоци на државно ниво а како последица на состојбата предизвикана од корона вирусот Covid-19.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 100.512 денари што е реализација од 20.1% во однос на планираните приходи за 2020 година за оваа намена.

Приходите од услуги во странство (користење на коментаторски позиции, ISDN линии и слично) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата) и останати услуги во земјата, во четвртиот квартал од 2020 година се остварени во вкупен износ од 768.994 денари или 0.3%. од вкупниот приход остварен во анализираниот период.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 5.802.950 денари, односно 34,1% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, отпишани обврски, наплатени отпишани побарувања по основ на РДТ, приходи од субвенции по договор и друго. Во вкупно остварените приходи за четвртото тримесечје од 2020 година овие приходи учествуваат со 2%.

По основ на приходи од судски одлуки остварени се 128.705 денари а по основ на приходи од донации остварувањето изнесува 749.945 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) е остварен во износ од 3.545.278 денари. Во врска со овој приход значајно е да се напомене дека поради состојбата предизвикана со корона вирусот беа откажани голем број настани особено од областа на спортот па истиот бележи намалено остварување во однос на Финансискиот план за 2020 година.

Во 2020 година МРТ оствари и приход за постигнување на повисок степен на програмски и техничко – технолошки развој, односно, од страна на Министерството за информатичко општество и администрација на ЈРП МРТ и беа исплатени дополнителни финансиски средства во износ од 90.000.000 денари. Со оглед на фактот дека овие средства беа добиени на крајот на годината истите ќе бидат искористени во текот на 2021 година.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2020 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.10-31.12.2019 год. | Планирани приходи за 2020 г. | Остварени приходи 01.10-31.12.2020 год. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 223,500,000 | 894,000,000 | 186,250,000 | 83.3 | 20.8 | 64.8 |
| Закупнини | 100,228 | 500,000 | 100,512 | 100.3 | 20.1 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 689,752 | 3,000,000 | 689,752 | 100.0 | 23.0 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 407,718 | 2,000,000 | 79,242 | 19.4 | 4.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години и др. | 11,476,814 | 17,000,000 | 5,802,950 | 50.6 | 34.1 | 2.0 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 139,777 | 1,500,000 | 128,705 | 92.1 | 8.6 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 3,098,751 | 45,000,000 | 3,545,278 | 114.4 | 7.9 | 1.2 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 749,944 | 3,000,000 | 749,945 | 100.0 | 25.0 | 0.3 |
| Приходи од донација од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 0 | 30,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 0 | 90,000,000 | 90,000,000 | 0,0 | 100.0 | 31.3 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **240,162,984** | **1,086,000,000** | **287,346,384** | **119.6** | **26.5** | **100.0** |

## ТРОШОЦИ-РАСХОДИ

Во текот на периодот октомври - декември 2020 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 305.260.644 денари . Сите групи на трошоци се остварени во рамки на планираните износи и нема некои позначајни отстапки во однос на планот но потребно е да се нагласи дека состојбата предизвикана од корона вирусот Covid-19 имаше свое влијание и врз работата на Македонската радио телевизија и предизвика застој или откажување на одржувањето на многу планирани тековни или пак нови настани што секако доведе до пониска реализација на одредени ставки во планираните расходи за 2020 година.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2020 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 114,141,221 | 443,760,000 | 130,001,999 | 113.9 | 29.3 |
| Патни и транспортни трошоци | 3,858,290 | 5,050,000 | 689,465 | 17.9 | 13.7 |
| Заеднички трошоци | 766,152,677 | 216,790,000 | 83,097,509 | 10.8 | 38.3 |
| Програмски права | 76,091,128 | 266,450,000 | 77,740,002 | 102.2 | 29.2 |
| Останати трошоци од работење | 14,384,195 | 60,950,000 | 13,731,669 | 95.5 | 22.5 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **974,627,511** | **993,000,000** | **305,260,644** | **31.3** | **30.7** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 46,147,630 | 3,000,000 | 539,136 | 1.2 | 18.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **46,147,630** | **3,000,000** | **539,136** | **1.2** | **18.0** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **1,020,775,141** | **996,000,000** | **305,799,780** | **30.0** | **30.7** |

### Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработените во четвртото тримесечје од 2020 година бележи остварување во вкупен износ од 130.001.999 денари или 29,3% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 117.381.360 денари. Овие трошоци имаат повисок износ на реализација во однос на остварувањето во истиот период од минатата 2019 година кој се должи на усогласувањето на минималната плата на вработените во МРТ со нето платата на државно ниво а што е во согласност и со Колективниот договор на МРТ. Тука спаѓаат и трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 9.191.728 денари, трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија и кои изнесуваат 1.318.202 денари, трошоците за јубилејни награди на вработените кои во МРТ оствариле работен стаж од 10, 20, 30 и 40 години во износ од 1.670.647

денари кои исто така се во согласност на Колективниот договор, потоа трошоците во износ од 145.860 денари за едукација на вработените (разни обуки, посета на семинари и слично) како и трошоците за останати - други лични примања на вработените во износ од 294.202 денари, ставка која опфаќа надоместоци за вработените исплатени по разни основи како на пример дадена парична помош во случај на смрт на вработен во МРТ или на член на потесно семејство, парична помош при непрекинато боледување подолго од шест месеци и слично. Просечната нето плата по работник за периодот 10 -12 месец 2020 година изнесува 35.435 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 689.465 денари и истата е реализирана со 13,7% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2020 година за оваа намена.

Во однос на остварувањето во минатата 2019 година, остварувањето кај оваа група на трошоци е значително намалено што секако е последица на споменатата состојба во земјата и светот т.е на опасноста предизвикана од ширењето на Корона вирусот COVID-19, поради што голем дел од патувањата кои вообичаено се реализираат за програмски цели беа сведени на минимум или пак целосно откажани. Така, реализацијата кај патните трошоци во земјата изнесува 309.415 денари и истата, покрај на тековните дневни настани, се однесува и на присуството на екипите на МРТ при пренос и емитување на настани како: прославата на 1000 годишнината од основањето на манастирот Свети Јован Бигорски, одбележување на прославата по повод празникот 11 Октомври, снимање за емисијата Аграр, потоа следење и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично) и друго. Исто така, со затворањето на меѓународните граници и границите на РСМ и патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата и реализацијата на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни области беа сведени на минимум се додека не се подобри споменатата состојба со COVID-19, па така во анализираниот период реализирани се само неколку патувања надвор од земјата и тоа: во Истанбул и Коња - снимање на документарна репортажна емисија, Анталија – медиумска презентација на културното и историското наследство на Република Турција, Анкара – снимање на емисија од областа на културата, Тбилиси и Кипар – квалификациски натпревари во фудбал, Љубљана и Софија – присуство на состаноци во врска со преговори за откуп на права за емитување на настани од спортот.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

**Заеднички трошоци**

Во четвртиот квартал од 2020 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 83.097.509 денари а ги опфаќа следните видови трошоци:

- трошоците за суровини и материјали како електричен, технички материјал, материјал за кулиси и декор, за поправка и одржување со вкупно остварување од 1.466.258 денари,
- трошоците за останати материјали како канцелариски материјал, материјали за возен парк, заштитна облека и обувки со вкупна реализација од 480.396 денари,
- трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен остварен износ од 7.564.777 денари,
- ситен инвентар и автогуми во износ од 785.596 денари,
- трошоците за поштенски услуги, телефонски услуги (фиксна и мобилна телефонија) и интернет во вкупен износ од 952.143 денари и трошоците за реализација на радио и ТВ преноси - аудио и видео линии во износ од 2.643.780 денари,
- остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за одржување и заштита во кои се вбројуваат трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 4.167.317 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.616.366 денари, трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 1.194.160 денари, како и трошоците за одржување на возилата на МРТ во износ од 261.368 денари и трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.174 денари,
- трошоците со реализација во износ 378.024 денари се дел од донацијата која изнесуваше вкупно 30.000.000 денари и која и беше исплатена на МРТ во првата половина од 2020 година од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ. Имено, од вкупно добиените 30.000.000 денари, 2.500.000 денари беа наменети за спроведување на мерки и активности за заштита на вработените преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства потребни за спречување на ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај населението, како и справување со последиците од ова вирусно заболување. За оваа цел, беа планирани и спроведени тендерски постапки и беа склучени договори за јавна набавка на стоки - заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства и јавна набавка на услуги – услуги за дезинфекција на работните простории во МРТ, а со оглед на фактот дека склучените договори имаат рок на важење од една година или пак до нивно целосно исполнување истите ќе имаат реализација и во 2021 година. Останатите 27.500.000 денари беа наменети за програмски цели,
- групата на комунални услуги – трошоци за вода, ѓубретарина, дератизација и слично е остварена во вкупен износ од 1.291.408 денари, исто така во рамки на планираниот износ,
- за останати услуги од работењето, односно за објава на огласи и конкурси, за шпедитерски услуги, за регистрација на моторни возила и слично реализирани се трошоци во вкупен износ од 35.771 денари,

- за опремата која се користи во МРТ пресметани се трошоци за амортизација на основни средства и истите изнесуваат 16.217.926 денари, додека пак за резервирање по основ на судски спорови трошоците изнесуваат 30.858.522 денари а се однесуваат на трошоци за главен долг и камата по основ на добиени пресуди во судски спорови со ММИ, Агенција за филм на РСМ и Глигор Смокварски,
- вредносно усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, и обезвреднување на нетековни и тековни средства е сметководствена категорија која за 2020 година изнесува 6.048.934 денари, а реализацијата во најголем дел произлегува од обезвреднување на ненаплатени краткорочни побарувања од купувачи во земјата и странство, потоа од поврзани субјекти во земјата, спогодби и слично,
- трошоците за промоција и репрезентација се реализирани во износ од 151.388 денари,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 85.770 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство,
- за надомест за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 2.071.597 денари и истите се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 1.109.020 денари кое пред се произлегува од договори склучени со странски комитенти за откуп на права за емитување на спортска програма, филмови и серии и останати видови соработка,
- Дополнително утврдените расходи од минати години остварени со износ од 1.139.875 денари опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период а се однесуваат на договори склучени во минати години.
- камати од работење е ставка која во четвртиот квартал од 2020 година бележи реализација во вкупен износ од 1.382.153 денари и истата произлегува од пресметани камати за судски спорови по обврски од минати години спрема правни лица чија разрешница е во тековната 2020 година како и пресметани камати по основ на склучени спогодби за плаќање на долговите на рати и камати по основ на јавни давачки.

**Програмски права**

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма во периодот октомври-декември е остварена во вкупен износ од 77.740.002 денари што претставува 29,2% реализација на планот за 2020 година за оваа намена.

Оваа група на трошоци финансиски е помогната со средствата во износ од 27.500.000 денари што во месец април 2020 година МРТ ги доби од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како донацијата и кои беа наменети пред се за детски прооекти како Дајте музика и 5+ Фамилија на македонски и албански јазик но и за програма од најразлични жанрови која се однесува и на останатата публика.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани реализацијата на трошоци во анализираниот период изнесува 9.588.404 денари и истата се однесува на пристигнати фактури по основ на откуп на права за пренос и емитување на уметничко лизгање, откуп на права за пренос и емитување СЕХА Лига во ракомет, права за пренос на Македонска фудбалска лига - Македонски фудбалски куп, квалификациски натпревари, партиципации за спортски права и друго.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 38.503.410 денари и таа во овој период опфаќа трошоци за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт од странство, лиценцирани вести од интернет, трошоци за откуп на права за емитување на документарни емисии за малцинствата, ТВ проект Албанците во скандинавските земји, ТВ серијал Вкусовите на Македонија, ТВ серијал со наслов Тие, ТВ програма со наслов Вредни домаќинки, ТВ проект од забавен карактер за едуцирање на млади со наслов О Са Мире, ТВ проект Пријатели на модата, ТВ магазин за екологија со наслов Екобаланс, ТВ магазин за родители и деца со наслов Моето дете, ТВ шоу Џентлмен магазин, забавна ТВ програма 20 Секунди, ТВ емисии со наслов Седум минути здравје, ТВ проект Агенда 35, ТВ проект Приказна и други.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 21.843.819 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии какви што се на пример ТВ серијалот Дајте музика, ТВ проект за деца - Бумеранг, потоа ТВ емисии од областа на истражувачко новинарство, ТВ серијал Најпознати приказни и други.

Трошоците во износ од 7.711.827 денари се однесуваат на откуп на права за емитување на детски анимирани серии и филмови и серии со најразлични жанрови.

### Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци бележи вкупна реализација по пристигнати фактури во износ од 13.731.669 денари. Истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 5.821.972 денари кои се навистина потребни за да се надополни недостигот од кадар во речиси сите сектори и одделенија во куќата, потоа трошоците за интелектуални услуги во вкупен износ од 848.143 денари кои пред се опфаќаат фактурирана реализација за превод и обработка на откупена странска филмска и останата програма, трошоците во износ од 964.611 денари наменети за опремување на сцената при реализација на студиски емисии, како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 2.349.113 денари и трошоците за мало авторско право ЗАМП во износ од 2.901.097 денари.

## Инвестиции

Во делот на инвестициони активности, во анализираниот период набавена е против пожарна централа со димно оптички јавувачи и направена е реконструкција на дел од подовите во работните простории односно поставени се ламинатски подови и сето тоа во вкупен фактуриран износ од 539.136 денари.

## АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2020 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 103,593,207 | 429,000,000 | 117,381,360 | 113.3 | 27.4 |
| Регрес за годишен одмор | 8,862,568 | 9,200,000 | 9,191,728 | 103.7 | 99.9 |
| Отпремнина за одење во пензија | 864,586 | 2,500,000 | 1,318,202 | 152.5 | 52.7 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени, помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 125,442 | 1,000,000 | 294,202 | 234.5 | 29.4 |
| Награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,700,000 | 1,670,647 | 0,0 | 98.3 |
| Трошоци за здравствени услуги | 535,200 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| Трошоци за едукација | 160,218 | 360,000 | 145,860 | 91.0 | 40.5 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **114,141,221** | **443,760,000** | **130,001,999** | **113.9** | **29.3** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 512,200 | 1,000,000 | 309,415 | 60.4 | 30.9 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,915,100 | 1,000,000 | 143,764 | 7.5 | 14.4 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 5,279 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 1,192,431 | 1,900,000 | 10,118 | 0.8 | 0.5 |
| Сопствено возило за службени потреби | 92,799 | 300,000 | 100,853 | 108.7 | 33.6 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 68,041 | 300,000 | 45,020 | 66.2 | 15.0 |
| **Вкупно 2** | **3,785,850** | **4,600,000** | **609,170** | **16.1** | **13.2** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 72,440 | 450,000 | 80,295 | 110.8 | 17.8 |
| **Вкупно 3** | **72,440** | **450,000** | **80,295** | **110.8** | **17.8** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **3,858,290** | **5,050,000** | **689,465** | **17.9** | **13.7** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 586,839 | 1,600,000 | 181,554 | 30.9 | 11.3 |
| Технички материјал | 1,037,375 | 1,000,000 | 971,157 | 93.6 | 97.1 |
| Материјал за кулиси и декор | 355,970 | 700,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 0 | 150,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 131,695 | 1,200,000 | 313,547 | 238.1 | 26.1 |
| **Вкупно 4** | **2,111,879** | **4,650,000** | **1,466,258** | **69.4** | **31.5** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 325,870 | 1,500,000 | 361,587 | 111.0 | 24.1 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 44,488 | 300,000 | 118,809 | 267.1 | 39.6 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 183,322 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| **Вкупно 5** | **553,680** | **1,800,000** | **480,396** | **86.8** | **26.7** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 7,162,016 | 22,500,000 | 3,600,419 | 50.3 | 16.0 |
| Трошоци за топлотна енергија | 2,522,719 | 12,000,000 | 3,247,808 | 128.7 | 27.1 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 1,264,570 | 3,500,000 | 716,550 | 56.7 | 20.5 |
| **Вкупно 6** | **10,949,305** | **38,000,000** | **7,564,777** | **69.1** | **19.9** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1,925,818 | 1,500,000 | 785,596 | 40.8 | 52.4 |
| **Вкупно 7** | **1,925,818** | **1,500,000** | **785,596** | **40.8** | **52.4** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 86,650 | 700,000 | 129,908 | 149.9 | 18.6 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 464,969 | 2,300,000 | 604,540 | 130.0 | 26.3 |
| Трошоци за интернет | 46,152 | 700,000 | 171,945 | 372.6 | 24.6 |
| Поштарина | 51,990 | 300,000 | 45,750 | 88.0 | 15.3 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 5,420,033 | 10,000,000 | 2,643,780 | 48.8 | 26.4 |
| **Вкупно 8** | **6,069,794** | **14,000,000** | **3,595,923** | **59.2** | **25.7** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,702,900 | 5,000,000 | 1,616,366 | 94.9 | 32.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 3,588,237 | 9,360,000 | 415,996 | 11.6 | 4.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 1,702,837 | 7,700,000 | 3,751,321 | 220.3 | 48.7 |
| Одржување на возила | 290,345 | 3,100,000 | 261,368 | 90.0 | 8.4 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 5,547 | 150,000 | 29,356 | 529.2 | 19.6 |
| Други услуги за одржување | 726 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 416,750 | 1,000,000 | 250,174 | 60.0 | 25.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,101,648 | 3,700,000 | 1,194,160 | 108.4 | 32.3 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработенита од корона вирус | 0 | 2,500,000 | 378,024 | #DIV/0! | 15.1 |
| **Вкупно 9** | **8,808,990** | **32,510,000** | **7,896,765** | **89.6** | **24.3** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 780 | 40,000 | 670 | 85.9 | 1.7 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 350,000 | 77,500 | 0,0 | 22.1 |
| Трошоци за ѓубретарина | 347,665 | 1,200,000 | 276,452 | 79.5 | 23.0 |
| Трошоци за вода | 807,437 | 3,800,000 | 936,786 | 116.0 | 24.7 |
| **Вкупно 10** | **1,155,882** | **5,390,000** | **1,291,408** | **111.7** | **24.0** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 92,594 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 138,184 | 500,000 | 27,134 | 19.6 | 5.4 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 28,313 | 400,000 | 3,477 | 12.3 | 0.9 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 21,794 | 200,000 | 5,160 | 23.7 | 2.6 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 800,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **280,885** | **1,900,000** | **35,771** | **12.7** | 1.9 |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,787,742 | 66,800,000 | 16,217,926 | 102.7 | 24.3 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 5,620,328 | 0 | 30,858,522 | 549.1 | 0,0 |
| **Вкупно 12** | **21,408,070** | **66,800,000** | **47,076,448** | **219.9** | **70.5** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 703,636,113 | 2,000,000 | 6,048,934 | 0.9 | 302.4 |
| **Вкупно 13** | **703,636,113** | **2,000,000** | **6,048,934** | **0.9** | **302.4** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 44,467 | 100,000 | 49,792 | 112.0 | 49.8 |
| Трошоци за репрезентација | 359,172 | 500,000 | 101,596 | 28.3 | 20.3 |
| **Вкупно 14** | **403,639** | **600,000** | **151,388** | **37.5** | 25.2 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 293,400 | 1,500,000 | 29,357 | 10.0 | 2.0 |
| **Вкупно 15** | **293,400** | **1,500,000** | **29,357** | **10.0** | 2.0 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 165,286 | 600,000 | 85,770 | 51.9 | 14.3 |
| **Вкупно 16** | **165,286** | **610,000** | **85,770** | **51.9** | **14.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2019г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 208,953 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 16,513 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **225,466** | **350,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,988,287 | 5,200,000 | 2,071,597 | 104.2 | 39.8 |
| **Вкупно 18** | **1,988,287** | **5,200,000** | **2,071,597** | **104.2** | **39.8** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 201,833 | 4,000,000 | 1,109,020 | 549.5 | 27.7 |
| Судски трошоци и административни такси | 262,229 | 500,000 | 16,199 | 6.2 | 3.2 |
| **Вкупно 19** | **464,062** | **4,500,000** | **1,125,219** | **242.5** | **25.0** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 600,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **0** | **600,000** | **0** | **0,0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,394,495 | 18,000,000 | 1,139,875 | 81.7 | 6.3 |
| **Вкупно 21** | **1,394,495** | **18,000,000** | **1,139,875** | **81.7** | **6.3** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,276,573 | 11,000,000 | 1,382,153 | 108.3 | 12.6 |
| Камати од неплатени јавни давачки | 3,024,510 | 0 | 0 | 0.0 | 0,0 |
| **Вкупно 22** | **4,301,083** | **11,000,000** | **1,382,153** | **32.1** | **12.6** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 16,543 | 5,000,000 | 869,874 | 5,258.3 | 17.4 |
| **Вкупно 23** | **16,543** | **5,000,000** | **869,874** | **5,258.3** | **17.4** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | **0** | 880,000 | **0** | 0,0 | 0.0 |
| **Вкупно 24** | **0** | **880,000** | **0** | **0,0** | **0.0** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **766,152,677** | **216,790,000** | **83,097,509** | **10.8** | **38.3** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 6,711,730 | 20,600,000 | 7,711,827 | 114.9 | 37.4 |
| Останати програмски права | 17,381,445 | 95,000,000 | 38,503,410 | 221.5 | 40.5 |
| Надомест за фестивали | 307,434 | 500,000 | 92,542 | 30.1 | 18.5 |
| Права за спортски настани | 3,903,841 | 41,150,000 | 9,588,404 | 245.6 | 23.3 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 1,814,250 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 45,972,428 | 108,200,000 | 21,843,819 | 47.5 | 20.2 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **76,091,128** | **266,450,000** | **77,740,002** | **102.2** | **29.2** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2029г. | Финансиски план 2020г. | Остварување 01.10-31.12.2020 г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 74,848 | 500,000 | 60,060 | 80.2 | 12.0 |
| **Вкупно 26** | **74,848** | **500,000** | **60,060** | **80.2** | **12.0** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 254,961 | 600,000 | 134,790 | 52.9 | 22.5 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 200,000 | 9,440 | 0,0 | 4.7 |
| Технички услуги | 768,964 | 2,500,000 | 311,114 | 40.5 | 12.4 |
| Трошоци за опремување сцена | 811,627 | 2,000,000 | 964,611 | 118.8 | 48.2 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 1,507,512 | 5,000,000 | 848,143 | 56.3 | 17.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 4,119,740 | 15,500,000 | 5,821,972 | 141.3 | 37.6 |
| Трошоци за проект Евровизија | 1,013,477 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 500,000 | 18,293 | 0,0 | 3.7 |
| **Вкупно 27** | **8,476,281** | **30,350,000** | **8,108,363** | **95.7** | **26.7** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 2,325,428 | 10,500,000 | 2,349,113 | 101.0 | 22.4 |
| Котизации и акредитации | 132,923 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 3,356,718 | 14,500,000 | 2,901,097 | 86.4 | 20.0 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,500,000 | 0 | 0,0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **5,815,069** | **29,800,000** | **5,250,210** | **90.3** | **17.6** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 17,997 | 300,000 | 313,036 | 1,739.4 | 104.3 |
| **Вкупно 29** | **17,997** | **300,000** | **313,036** | **1,739.4** | 104.3 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **14,384,195** | **60,950,000** | **13,731,669** | **95.5** | **22.5** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **974,627,511** | **993,000,000** | **305,260,644** | **31.3** | **30.7** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 46,147,630 | 3,000,000 | 539,136 | 1.2 | 18.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **46,147,630** | **3,000,000** | **539,136** | 1.2 | 18.0 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,020,775,141** | **996,000,000** | **305,799,780** | **30.0** | **30.7** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2020г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 31.12.2020 година изнесува:

- Комерцијална банка 62.596.244 денари
- Халк банка 22.994.267 денари
- Тутунска банка 126.400 денари
- Стопанска банка 143.803 денари
- Шпаркасе банка 166.316 денари
- Еуростандард банка 273.223 денари
- Алфа банка 64.040 денари
- Прокредит банка 1.022.006 денари

***Вкупно на сметки : 87.386.299 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2020 година изнесува:**

- Стопанска банка 149 УСД
- Комерцијална банка 4.040 ЕУР
  7.959 АУД
  5.736 ЦХФ
  354 ДКК
- Прокредит банка 19.867 ЕУР

## СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2020 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019г | Состојба на 31.12.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,101,859,458 | 2,091,011,246 | 99.5 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 39,207,897 | 40,245,762 | 102.6 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,127,593,651 | -2,120,795,925 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **13,473,704** | **10,461,083** | **77.6** |

Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019г | Состојба на 31.12.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,048,061,769 | 2,042,627,644 | 99.7 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,797,689 | 48,383,602 | 89.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,089,066,469 | -2,082,090,327 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **8,920,919** | **69.7** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2020 година изнесуваат вкупно 10.461.083 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019г | Состојба на 31.12.2020 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,040,879,236 | 2,033,405,711 | 99.6 |
| - радио и телевизиски реклами | 3,367,665 | 6,189,493 | 183.8 |
| - закуп на основни средства | 146,302 | 118,182 | 80.8 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 3,058,135 | 2,507,304 | 82.0 |
| - побарувања по основ на спогодби | 610,431 | 406,954 | 66.7 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 53,797,689 | 48,383,602 | 89.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,089,066,469 | -2,082,090,327 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **8,920,919** | **69.7** |

## Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2020 година изнесуваат вкупно 1.540.164 денари и истите се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019г | Состојба на 31.12.2020 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,035,082 | 35,081,464 | 100.1 |
| - ТВ услуги | 539,993 | 541,822 | 100.3 |
| - технички услуги | 2,810,181 | 2,819,706 | 100.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,784 | 16,841 | 100.3 |
| - отстапени права | 120,358 | 1,387,989 | 1,153.2 |
| - фестивали во странство | 413,675 | 124,843 | 30.2 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 271,824 | 273,097 | 100.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -38,527,182 | -38,705,598 | 100.5 |
| **Вкупно:** | **680,715** | **1,540,164** | **226.3** |

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2019 год. | состојба на 31.12.2020 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **542,063,695** | **524,694,272** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 100,124,018 | 59,837,774 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 13,066,040 | 12,120,233 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 79,257 | 78,723 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата, камати по истите и сл. | 147,267,252 | 141,817,920 |
| Обврски спрема вработените | 24,184,897 | 37,025,731 |
| Обврски за авторски договори | 1,303,434 | 1,132,789 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 172,600,320 | 157,860,262 |
| Останати краткорочни обврски | 572,558 | 1,096,399 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 12,920,280 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг за ММИ, Агенија за филм, Глигор Смокварски) | 69,945,639 | 100,804,161 |
| **Долгорочни обврски** | **189,080,710** | **173,019,640** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 14,657,025 | 11,516,235 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 174,423,685 | 161,503,405 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **731,144,405** | **697,713,912** |

Вкупните обврски на 31.12.2020 година изнесуваат 697.713.912 денари и во услови на намален приход од средствата за финансирање на радиодифузна дејност, истите, како резултат на максималните напори кои се преземаат за нивно навремено сервисирање, намалени се за 33.430.493 денари во однос на состојбата на 31.12.2019 година.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2020 год. изнесува вкупно 713 лица, што е помалку за 25 лица или 3,4% во однос на состојбата на 30.09.2020 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2020 | 1 | 26 | 310 | 22 | 336 | 0 | 30 | 13 | 738 | |
| 31.12.2020 | 1 | 26 | 301 | 20 | 326 | 0 | 29 | 10 | 713 | -25 |
| структура 31.12.2020г.(%) | 0.1 | 3.6 | 42.2 | 2.8 | 45.7 | 0.0 | 4.1 | 1.4 | 100.0 | -3.4 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2020 | 526 | 146 | 24 | 21 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 738 | |
| 31.12.2020 | 503 | 144 | 24 | 21 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 713 | -25 |
| структура 31.12.2020г.(%) | 70.5 | 20.2 | 3.4 | 2.9 | 1.1 | 0.6 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -3.4 |

Во текот на периодот Октомври-Декември 2020 година во ЈРП МРТ нема новоработени лица. По основ на враќање на работа по мирување на работниот однос поради извршување на државна функција обновен е договорот за вработување на 1 новинар со ВСС.

Во истиот период вкупно 26 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа: по основ на стекнување на правото за пензионирање 22 лица, од кои вкупно 5 новинари (4 со ВСС и 1 со ВС), 1 сниматель-камерман со ССС, 2 продуценти ( со ВС и ССС), 2 режисери (со ВСС и ССС), 1 раководител на одделение со ВСС, 1 технички секретар со НСС, 4 техничари со ССС, 1 миксер на слика со ССС, 1 реализатор со ССС, 1 оператор на програма со ВСС, 1 референт со НСС, 1 командир на ППЗ со ССС и 1 КВ манипулативен работник. Починати се 3 лица од кои 1 сниматель-камерман со ВСС, 1 новинар-дописник со ВСС и 1 асистент продуцент со ССС. Со одлука за мирување на работниот однос заради вршење на функција портпарол на Владата на РСМ 1 уредник на редакција со ВСС е заминат од МРТ.

Скопје, Март 2021 година